# МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ СКОПЈЕ

## ФИЛМСКИ И ВИДЕО ПРОГРАМИ 9

## *Моливот на природата:*

Зачетоците на Британската фотографија
предавач: Милан Алексиќ

**2,3,4 и 6. 10.1995**

КИНО САЛА НА МСУ, 20,00 часот

## Talk: *The Pencil of Nature,*

the originis of British photography

by Milan Aleksic

***"Молив на природата"***, фотографски илустрирана книга на В.Х. Фокс Талбот (**W.H. Fox Talbot**) од 1844 год., на наврати претставува романтична семејна историја, рекламна брошура, антикварски тракт, водич, информатор и рудиментарна техничка монографија. Фокс Талбот ја замислувал својата публика со широка сфера на интереси, како што биле неговите.

*"...плочите од ова дело се добиени само со делување на светлината врз осетлива хартија. Тие се обликувани или прикажани само со оптички и хемијски средства и без никаква помош од некој кој ја познавал уметноста на цртањето."*

В.Х. Фокс (W.H. Fox Talbot).




Други поважни фотографи од овој период на иновации се Роберт Адамсон (**Robert Adamson**) и Дејвид Октавиус Хил (**David Octavius Hill**), Роџер Фентон (**Roger Fenton**), Франсис Фрит (**Francis Frith**), Џулија Маргарет Камерон (**Julia Margaret Cameron**), Оскар Густав Рејландер (**Oscar Gustav Rejlander**), Хенри Пич Робинсон (**Henry Peach Robinson**), и Питер Хенри Емерсон (**Peter Henry Emerson**).

Програма:

*1. Пионери на фотографијата:*

**The Fleeting Image**, 25 мин. 1975
**Патник (Travelling Man)**, 25 мин. 1975
**Сончеви слики (Sun Pictures)**, 25 мин. 1975
**Молив на природата (The Pencil of Nature)**, 25 мин. 1975

*2. Современи британски фотографи:*

ЗАЕДНИЧКА ОСНОВА
- Ли Ендрус (**Lea Andrews**),
28 мин. 1991

Овој видео филм беше нарачан од Одделот за визуелни уметности за надополнување на турнејата на изложбата на Британскиот совет - "Декомпозиција - Конструирана фотографија во Британија". Меѓу другите, овој видео филм ги прикажува најновите дела на Ли Ендрус (Lea Andrews). Уметникот изработува фотографии од голем формат на кои се претставени тој и неговото семејство во наместени ситуации со намера да ги истражат и отсликаат социјалните и психолошките проблеми на модерниот живот. Филмот го презентира развојот на фотографот Ендрус од неговите студентски денови кон средината на 80-те, кога студирал скулптура во Брајтон и Слејд (Slade), па се до денешен ден. Ендрус зборува за развивањето на своите идеи и испреплетеноста од скулпторски, перформистички и сликарски теми кои проткајуваат низ сите негови фотографии. Тој

100 ГОДИНИ ФИЛМ 1895 - 1995



Хелен Чедвик: *The Philosopher's Fear of Flesh*

посебно се задржува на своето размислување за улогата на јавното изразување, личното искуство, чувствата и потрагата низ тоа изразување. Видео филмот го прикажува Ендрус и неговото семејство како ги изложуваат неговите дела во Сонинг Комон (Sonning Common) - (местото од спротивната страна на патот каде се снимени фотографиите) и разговорите со минувачите за уметноста, фотографијата историјата и илузијата.

## ИЗВАДОЦИ ОД МЕСО
## - Хелен Чедвик (Helen Chadwick),
22 мин. 1991

Во февруари 1988 год., Хелен Чедвик (Helen Chadwick) беше поканета од Музејот "Викторија и Алберт" во Лондон да работи на фотографски апарат - Полароид од голем формат, поставен во една од јавните галерии на музејот. Настанатите дела претставуваа серија од осум полароид фотографии насловени *"Извадоци од месо"*.

Овој видео филм ги истражува идеите и чувставата кои доведоа до создавањето на серијата *"Извадоци од месо"* преку интервјуа со Чедвик и подробно испитување на нејзините фотографии. Чедвик зборува за својата заинтересираност за делата на Миро и биоморфниот сензибилитет на неговите апстрактни форми кои претствуваат појдовна точка за овие дела. Таа зборува за својата идеја да го користи месото и енергијата (електирчната) како метафори за живеењето и за интеракцијата на овие идеи со сировото месо и сатенот, кожите, сијалиците и фурнирот за да се создадат слики кои на свој начин зборуваат за сензуалност, привлекување и либидо кои не зависат од родот и личноста.

*...Во "Извадоци од месо" на Чедвик, каде похотноста и изобилието од крајот на овој век се сведуваат на маниристички заклучоци, се појавуваат транспозиции од делата на старите мајстори. Нејзините интезивно осветлени слики на пилешка утроба обвиткана во сатен и џигери, како и светлината над чинии со неоскубана кожа асоцираат на композициите на Караваџо. Приказите од филмот и музиката ја отсликуваат методологијата на Чедвик, која игра со односите - боја, структура и густина кои се наоѓаат во звуците на утробата (виоли), кожа (удиралки), крв (отчукување на срцето и здив (Еолски туби) и електронски генерираните површини на телевизиски прикази...*

## СЛИКА
## - Рон Одонел (Ron O Donnell),
26 min. 1991

Рон Одонел прави фотографии од голем формат на наместени и чудни слики кои ги гради во разни стари и напуштени згради во Единбург. Насекаде по градот се расфрлани необичните поставки на Одонел. Во станбените блокови кои се реновираат од бедни социјални домови, египетски хиероглифи стрпливо чекаат под искинатите тапети, подготвени да ги изненадат работниците. Во напуштената ковачница, туристите од друга галаксија се сведоци на слабиот обид на Одонел да го доведе четириилјади стариот мит до прифатлив заклучок. Во гаража од предградието расте тропска шума само за да биде исечена од имитација на пила која ја држат картонски раце без тело.

*"...Светите концепции се растргнати во "Адам и Ева" на Одонел. Уметникот слободно признава дека требал да погледне во книгите за историја на уметноста за да види како старите мајстори ја*

*компонирале темата: од која страна на дрвото стоеле Адам и Ева, колку било дрвото големо, кој го држел јаболкото и др. Градината на земните уживања која тој ја реконструира е направена од картон, како да сака уште еднаш да и овозможи на дрвената пулпа повторно да биде дрво. И тука, во генезата на нашето битисување, во срцето на најголемото од сите обновувања, пластиката повторно е внесена - овој пат во форма на неколку пакетчиња кондоми - Play Safe Durex - кои на мал послужавник возвишено ги носи кип на крилест амор. Однапред создадените идеи, особено оние за исконско зачнување, се потполно уништени..."*

**ПРЕДМЕТИ ОД ДЕПОНИЈА**
**- Кит Арнат (Keith Arnatt),**
37 мин. 1991

Кит Арнат прави фотографии од голем формат на зафрлени урнатини кои се распослани на поголемиот дел од Британскиот пејзаж, а кои најчесто не пруипаѓаат во нашата концепција за природата. Видео филмот прикажува како делото и идеите на Арнат еволуирале од првобитната замисла за повторно фотографирање на Британскиот пејзаж следејќи ги стапките на пионерите на фотографијата како Фрит (Frith) и сликарите од романтизмот - Тарнер (Turner) и Семјуел Палмер (Samuel Palmer).

*...За долината Ваj (Wye) најчесто се уште се размислува во смисла на претставите создадени во деветнаесетиот век од нејзините најпознати интерпретатори - Тарнер и Вордсворт. Денес, густо населена со социјални станови, евтини локали и продавачи на дребулии, се уште опстојува во имагинацијата како област со непотемнет рурален сјај, како природата да немала врска со светот на комерцијализацијата и вештачките материјали. Овој пријатен поглед на природата, возвишуван во британската замисла за селото, Арнат брижно го прикажува како*



Кит Арнат, од серијата: *Pictures from a Rubbish*



Рон Одонел: *The Antechamber of Rameses V*

*повештачки од пластиката, вештачките крзна и хемиски импрегнирана хартија кои жителите на селото по навика ги кријат...*
Видео филмот ја отсликува фасцинацијата на Арнат со трансформационите сили на распаѓање и технологија (било да се работи за технологија за депонирање отпадоци или за онаа на фотографскиот апарат) и квалитетот на вниманието кое му се посветува на пониските и обично незабележувани предмети и звуци кои преовладуваат во нашиот модерен живот. Овој високо имагинативен филм ја доби највисоката награда на Меѓународниот филмски и телевизиски фестивал во Њујорк во 1991 год.

---

Предавањето и филмските и видео проекции се реализирани со помош на:

The British Council

---

Издавач: Музеј на современата уметност, 91000 Скопје, п.ф. 482, Самоилова б.б., Македонија, тел. 091 11 77 34, факс 091 23 63 72ќќ; **Одговорен уредник**: Зоран Петровски; **Уредник**: Мирослав Поповиќ; **Ликовно обликување**: Ладислав Цветковски; **Превод**: Магдалена Шалдева; Тираж: 300

**Publisher**: Museum of contemporary art Skopje, p. box 482, Samoilova b.b., Macedonia, Phon: 389 91 11 77 34; fax 389 91 23 63 72; **Editor in chief**: Zoran Petrovski; **Editor**: Miroslav Popovic; **Lay-out**: Ladislav Cvetkovski; **Translation**: Magdalena Saldeva; Printed in 300 copies